**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 09-746/4**

**Скопје, 22.11.2005 година**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ), сметка за приходи наплатени од органи за 2004 година, кои се прикажани на страните 11,12 и 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2001 година, и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерство за транспорт и врски. За годината 2003 која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија е извршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Агрон Буџаку, министер за транспорт и врски, за период од 17.11.2003 до 21.12.2004 година,
   - Џемали Мехази, министер за транспорт и врски, за период од 21.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 23.05. до 29.06. и од 31.08. до 16.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Снежана Лулевска, Самостоен ревизор;
   - Бранко Темелкоски, Ревизор;
   - Наташа Ристовска, Ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Министерот за транспорт и врски за 2004 година и до завршувањето на ревизијата нема донесено акти (правилници) за формата и содржината на лиценците, како и за начинот и постапката за добивање и одземање на лиценцата за одделни видови на превоз, како што е пропишано во член 4 и 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај, поради што и не се издаваат лиценци на превозниците спротивно на член 4 од истиот закон.

10.1.2. Министерството за транспорт и врски `се уште нема воведено евиденција за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот спротивно на член 13, 14, 15 и 16 од Законот за превоз во патниот сообраќај. Немањето на ваква евиденција може да доведе до неправилности во издавањето на транспортните дозволи.

**Препораки и мерки:**

1. МТВ да донесе акти (правилници) за формата и содржината на лиценците, како и за начинот и постапката за добивање и одземање на лиценцата за одделни видови на превоз, согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.
2. МТВ да воведе евиденција за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот, на начин пропишан во Законот за превоз во патниот сообраќај.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

10.2.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници, приходите и расходите, во финансиските извештаи на сметката за приходи наплатени од органи, не се реално искажани од причина што фактурите по основ на побарувањата и обврските не се книжат навремено и по хронолошки редослед во моментот на примање односно издавање, преку евидентирање на активни и пасивни временски разграничувања, туку истите се книжат на трошок односно приход во моментот на исплата, односно наплата. Ваквиот начин на евидентирање придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција на министерството во одреден тековен или пресметковен период.

10.2.2. Пресметка на амортизација на материјалните средства за 2004 година не е извршена за набавена опрема во износ од 538 илјади денари спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што има за ефект нереално прикажување на сегашната вредност на материјалните средства.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во министерството да преземат соодветни мерки да воведат деловни книги согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со навремено и ажурно евидентирање на сите побарувања и обврски.
2. Одговорните лица во МТВ да изготват пресметка на амортизација на материјалните средства согласно пропишаните стапки на амортизација во Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

10.3.1. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните приходи на МТВ во вкупен износ од 37.798 илјади денари поради неприложена документација за основот на уплатата кон налозите за книжење, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Овие приходи се однесуваат на: приход од надоместоци за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец и надоместок за вршење преглед на чамци, издавање пловидбена дозвола и регистрација на чамец во износ од 553 илјади денари, приход од надомест за финансирање на изработка на просторни и урбанистички планови, наплата на трошоците направени за работите кои не се врзани за издавање на управни акти и приходи во врска со отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во вкупен износ од 13.040 илјади денари, приход од издавањето на транспортни дозволи во износ од 23.655 илјади денари и приход од наплатени надомести за рушење на објекти од инвеститорите во износ од 550 илјади денари. Во одделни случаи од целта на дознаката во изводот не можеше да се утврди основот на извршената уплата поради што се направени и сметководствени грешки во евидентирањето на соодветни приходни сметки.

Ваквиот начин на несоодветно евидентирање и неприложување на документацијата ја отежнуваше и забавуваше ревизијата посебно и поради недоволната соработка и кооперативност од одговорните лица во одделни организациони делови во рамките на министерството задолжени


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

за наплата на приходот, како и за изготвување и средување на самата документација.

10.3.2. Со ревизијата на остварениот и уплатениот приход од отуѓување (продажба) и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, се констатира следното:

- На почетокот на 2004 година МТВ има искажано остварени приходи во вкупен износ од 43.273 илјади денари од кои 31.775 илјади денари се пренесени од претходната 2003 година, а 11.498 илјади денари се остварени во јануари 2004 година. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на овие приходи поради необезбедена соодветна евиденција за секој вид приход и за сите учесници во постапката на јавно наддавање при отуѓување, продажба и давање под закуп на градежно земјиште. Според презентираната пресметка на ревизорите од страна на министерството овие приходи се разграничени како приходи од продажба на градежно земјиште во износ од 21.095 илјади денари, приход од пресметан данок на промет на недвижности во износ од 864 илјади денари и приход од трошоци на постапка во износ од 1.330 илјади денари. Согласно Законот за буџетите и Упатството за евидентирање и распоредување на јавните приходи, приходите наплатени од продажба на градежно земјиште во износ од 21.095 илјади денари се ненавремено уплатени на сметка на буџетот на РМ (13.04.2004 година), а данокот на промет на недвижности во износ од 864 илјади денари не е воопшто уплатен на соодветната сметка за јавни приходи. Неосновано се остварени приходи од депозити за учество на јавно наддавање од странките - подносители на пријавите за јавно наддавање во износ од 31.775 илјади денари кои требало да бидат уплатени на посебна депозитна сметка (696-13). Ненавремената и несоодветна уплата на наведените приходи овозможува ненаменско и незаконско трошење на средства за тековни потреби на министерството.
- Ревизијата не можеше да утврди колкав број на договори за отуѓување и давање под закуп на земјиште, по пат на јавно наддавање и непосредна спогодба, се склучени во текот на 2004 година и дали МТВ правилно и во договорениот износ ги насочило на уплатна сметка на Буџетот 840-6249. Исто така, не можеше да се изврши контрола дали сите учесници кои склучиле договор за купување на градежно земјиште по пат на јавното наддавање од декември 2003 година го уплатиле договоренот износ и на која сметка поради невоведена аналитичка евиденција и необезбеден увид во договорите. Ваквиот начин на работење може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ. На ваков начин субјектот го ограничуваше делокругот на испитување на ревизорот за давање на мислење за одредени состојби, спротивно на Законот за државна ревизија, според кој субјектот е должен да ја стави на увид целокупната документација.

10.3.3. Според договорите за отуѓување и закуп на градежно земјиште, ревизијата утврди одредени слабости и неправилности кои имаат за ефект помалку остварени приходи во буџетот на РМ, по следните основи:

- Неосновано се пресметани и наплатени приходи по основ на посебни трошоци на постапка за износ од 2.064 илјади денари, спротивно на Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките на градежното земјиште сопственост на РМ, поради неправилна примена на

основицата (2% од крајната постигната цена, наместо 5%, 7 % и 10%. на основица на депонираните средства).

- Во одделни договори за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање не е предвидено кој ќе го плати данокот на промет на недвижности, иако согласно Законот за даноци на имот, оваа обврска треба да биде предмет на договор помеѓу купувачот и продавачот. Со недефинирање на даночниот обврзник во договорите, на одделни купувачи им се овозможува да не го плаќаат данокот и за нивна сметка обврската ја презема министерството со што ги привилегира истите и ги терети сопствените расходи за данок и камата.
- Согласно договорите за отуѓување на градежно земјиште, а врз основа на Законот за инвестициони објекти и Законот за облигациони односи, во случај кога купувачот не започнал со градба во предвидениот рок (6 месеци по добивањето на одобрение за градба) се смета дека се откажал од договорот и уплатените средства министерството треба да ги врати на купувачот без надомест за камата. За следење на постапката и навремено преземање на утврдените активности МТВ нема обезбедено систем на интерни контроли со кои ќе ја следи изградбата на објектот поради што може да се случи отуѓеното земјиште да се продаде на друго лице или да се изврши пренамена на истото.
- Дел од избраните најповолни лицитанти од одржаното јавно наддавање во декември 2003 година се откажале од купувањето на градежното земјиште, односно не уплатиле средства и не склучиле договор во рок од 15 дена од приемот на писменото известување, чија што постигната вредност изнесува 394.664 илјади денари (75,63%) од вкупно постигнатата вредност на лицитираното земјиште во износ од 521.832 илјади денари. Ова претставува значителна вредност што резултира во губење на одреден приход во Буџетот на РМ и оштетување на другите лицитанти.
- Средствата од наплата на депозити по основ на отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање се остваруваат со примена на проценти според површината на земјиштето, на основица утврдена според почетната цена на јавното наддавање, кои не се уредени со посебен акт на министерот, ниту е донесено упатство за начинот и постапката на работа со депозитите.

10.3.4. При ревизијата на остварениот и наплатен приход од издавање на транспортни дозволи од страна на МТВ во вкупен износ од 23.655 илјади денари, се утврди следното:

- МТВ нема воведено аналитичка евиденција на приходи остварени од издавање на транспортни дозволи за превоз на стока, поради што не можеше да се разграничи остварениот приход од издадените дозволи за 2004 и 2005 година врз основа на издадените и примени дозволи од одделни држави.
- На ревизијата не `и беше дозволен пристап до информатичката база на податоци за да се изврши ИТ контрола, поради што не можеше да ја верификува реалноста и објективноста на приходот од издадените транспортни дозволи за превоз на патници и стока.
- МТВ не извршило промена на цената на транспортните дозволи од усд во еур за превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, согласно измената на Тарифата во Законот за административни такси, со важност од 7.04.2004 година, поради што помалку е наплатен и


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

уплатен приход од административни такси во Буџетот на РМ, на уплатната сметка за јавни приходи 840-3161.

- Остварена е неоснована и незаконска наплата на средства на име надомест за издавање на транспортни дозволи (обични дозволи) по цена од 250 денари на сметката на МТВ од причина што не постои законски основ за наплата на надомест и остварување на приход од издавање на транспортните дозволи на сметката на приходи наплатени од органи на име на МТВ. Ревизијата не можеше да утврди колку изнесува ваквиот приход за 2004 година бидејќи МТВ не води посебна аналитика за приходот остварен од издавање на обични транспортни дозволи и приходот остварен од ЦЕМТ дозволи.
- Неоснована и незаконска наплата на средства на име надомест за издавање на транспортни дозволи (ЦЕМТ дозволи) по цена од 200 усд, односно 100 усд на сметка на МТВ, без законски основ и 100 усд на сметка на Буџетот на РМ, наместо по 350 денари, спротивно на законските прописи: Законот за патен сообраќај и Законот за административни такси.

10.3.5. Приходот што е остварен од: наплатен надомест од давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во износ од 159 илјади денари, наплатени надомести наменети за финансирање на изработка на просторни и урбанистички планови во износ од 122 илјади денари и надомест на трошоци за уривање на објектите од инвеститорите во износ од 550 илјади денари во текот на 2004 година не е уплатен на уплатните сметки за јавни приходи што е спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи, кое што има за последица неосновано располагање и користење на средства што се приход на Буџетот на РМ.

10.3.6. Ревизијата има обврска да истакне дека во текот на 2004 година министерството ангажирало просечно 20-30 лица месечно по договор за дело за кои што се потрошени буџетски средства преку сметката за приходи наплатени од органи во вкупен износ од 334 илјади денари заедно со пресметан и платен персонален данок од доход на извршените исплати. Дел од ангажираните лица добиваат надоместок кој е повисок од нето платата на вработени службеници со исти квалификации. Неправилната политика на надоместување за ангажираниот труд на лица по договор за дело резултира во нереално високи трошоци на ставката Договорни услуги.

10.3.7. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во МТВ поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација за поправка и сервисирање на леки коли во износ од 452 илјади денари, исплатени врз основа на фактури и работни налози без потпис и потврда на овластено лице во министерството и расходи за репрезентација во износ од 389 илјади денари по сметкопотврди исплатени во готово од благајна без прилог на фискални сметки и по фактура без прилог на испратница и потврда од овластено лице. Необезбедениот систем на интерни контроли може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството.

10.3.8. Ревизијата има обрска да истакне дека во 2004 година евидентирани се расходи во вкупен износ од 295 илјади денари, (потставка други стручни услуги, плаќања по судски решенија и расходи за меѓународни спортски натпревари), за кои не и се доставени на увид соодветни документи

(пресуда, документ преведен на македонски јазик и сл.) и за кои не е дадено никакво образложение од одговорните лица. На ваков начин субјектот го ограничува делокругот на испитување на ревизорот за законското и наменско користење на средствата спротивно на Законот за државна ревизија.

**Препораки и мерки:**

1. МТВ во соработка со Министерството за финансии да превземе соодветни мерки и воспостави процедури со цел јавните приходи по основ на: отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба; наплатениот приход од надомести наменети за финансирање на изработка на просторни и урбанистички планови; надомести на трошоци за уривање на објектите од инвеститорите и приходи од издадени транспортни дозволи за превоз на стока, редовно и навремено да ги уплатува на уплатните сметки за јавни приходи, согласно Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи.
2. Во сметководствената евиденција или вонкниговодствената (помошна) евиденција да се евидентираат побарувањата по издадените заклучоци или фактури за задолжување на инвеститорите за направените трошоци за рушење на бесправно изградените објекти, а наплатениот приход да се уплатува на соодветните уплатни сметки за јавни приходи.
3. За лицитантите кои понудиле највисока цена на јавното наддавање и биле избрани за најповолни понудувачи, а потоа не ги уплатиле средствата и не склучиле договор, ревизијата предлага измени на законските прописи при што може да се земат во предвид одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи во кој е предвидено случај кога избраниот понудувач не го склучи договорот за продажба во определениот рок, се пристапува кон прифаќање на следниот рангиран кој добива статус на најповолен понудувач, а заради соодветна заштита законодавецот ја предвидел висината на депозитот да не биде помала од 20% од вредноста на недвижната ствар која е предмет на продажба. Со ваквото решение ќе се обезбеди поголема сигурност во наплатата на приходот, како и објективност и јавност при отуѓување на градежното земјиште сопственост на РМ.
4. Поради континуираното ангажирање на лица по договор за дело и високиот износ на трошоци по основ на договори за дело одговорните лица во министерството треба да предвидат поголем број на вработени на потребните работни места во актите за организација и ситематизација на работните места или да побараат согласност од Министерството за финансии за вработувања на лица на определено време. Во случај на понатамошно ангажирање на лица по договор за дело надоместокот за ангажирање на лица по договор за дело треба да биде определен според нето платата на вработените со ист степен на стручна подготовка.
5. МТВ во актот за систематизација да предвиди одговорно лице кое ќе биде задолжено за редовно одржување и сервисирање на возилата во сопственост на министерството преку потпишување на работни налози. Поради отсуство на надлежност и одговорност постои висок ризик од можни злоупотреби што резултира во значително зголемени трошоци на оваа ставка.
6. Набавките на опрема, стоки и користењето на услуги во МТВ да бидат поткрепени со соодветна документација, а посебно во случај на набавки со сметкопотврди во готово да не се признаваат, без прилог фискални сметки.

10.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

10.4.1. Во билансот на состојба на 31.12.2004 година евидентирани се орочени средства во Експорт импорт банка АД Скопје кои потекнуваат од 2000 година. Имено, спротивно на Законот за извршување на Буџетот пласирани се средства во износ од 100 милиони денари во Експорт Импорт банка, кои не се регулирани со договор помеѓу министерот за финансии и деловната банка, туку склучен е договор во 2000 година помеѓу Експорт-Импорт Банка АД Скопје и министерот на Министерство за транспорт и врски, спротивно на законските прописи. Пласирањето на привремено слободните парични средства е бескаматно и со последователни анекси кон основниот договор е продолжувано до три години и четири месеци. Како покритие на овие пласмани презентиран е Извадокот од Нацрт записникот од Педесет и шестата седница на Владата на РМ бр 23-4011/1 од 31.07.2002 година за продолжување на рокот до 31.12.2002 година што не претставува Одлука донесена од Владата и не може да се смета како валиден документ. Од 08.01.2003 година во Експорт-Импорт Банка АД Скопје е воведена принудна управа од НБРМ. За признавање на долгот односно побарувањето на МТВ од Експорт Импорт банка, Скопје, како и побарувањата на другите доверители, од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје издадено е решение 1 Ст. бр.145/04 од 23.06.2004 година. На ден 28.06.2004 година Министерството за внатрешни работи извршило привремено одземање на документи во врска со орочениот депозит, за спроведување на постапка против одговорните лица која што е во тек.

**Препораки и мерки:**

1. МТВ да ги следи активностите на надлежните органи во врска со преземањето соодветни мерки за пласираните средства во Експорт-Импорт Банка АД Скопје и истите да настојува да ги врати преку законски утврдените процедури.

10.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

10.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и подставки кај сметката за приходи наплатени од органи, ревизијата утврди случаи на ненаменско користење на средствата во вкупен износ од 798 илјади денари кај следните ставки:
  - за нето основни плати и наемнини 290 илјади денари;
  - за комуникација и транспорт 235 илјади денари;
  - за тековно одржување 97 илјади денари;
  - за договорни услуги 176 илјади денари.

Прелевањето на средства од ставка во ставка без согласност на Министерството за финансии и соодветна одлука на Владата на РМ е ненаменско трошење на средствата.

- Незаконско располагање и користење на средства од наплатен надомест за закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, во износ од 159 илјади денари, кој што претставува приход на Буџетот на РМ .
- Незаконски и ненаменски потрошени средства во износ од 864 илјади денари поради неуплатен данок на промет на недвижности од извршена продажба на градежно земјиште сопственост на РМ, кој претставува приход на Буџетот на РМ (точка 10.3.2. алинеа 1).
- Незаконски остварен приход на МТВ во износ од 2.064 илјади денари по основ на повеќе пресметан надоместок на трошоци на постапка при

отуѓување на градежно земјиште, спротивно на законските прописи (точка 10.3.3. алинеа 1).

- Незаконско располагање и користење на средства од наплатен приход од издавање на транспортни дозволи, во износ од 23.655 илјади денари, поради непостоење на законски основ за остварување на ваков приход на сметка на министерството (точка 10.3.4. алинеа 4 и 5).
- Незаконско располагање и користење на средства од наплатени надомести наменети за финансирање на изработка на просторни и урбанистички планови, во износ од 122 илјади денари, кој што претставува приход на Буџетот на РМ.
- Незаконско располагање и користење на средства од наплатени надомести на трошоци за уривање на објектите од инвеститорите, во износ од 550 илјади денари, кој што претставува приход на Буџетот на РМ.
- Извршени исплати на трошоци за превоз на вработени лица во министерството кои живеат во една, а работат во друга општина, врз основа на сметки за гориво наместо во висина на трошоците за јавен превоз, од ставката дневници за службени патувања во земјата, во вкупен износ од 31 илјади денари, спротивно на законските прописи.
- Извршени исплати на патни расходи во земјата на надворешни лица ангажирани по договор за дело, во износ од 65 илјади денари, спротивно на законските прописи.
- Извршено плаќање на банкарска провизија во износ од 201 илјади денари за одобрен грант-технички средства за одржување на патната инфраструктура и опрема за асфалтна база на ЈП Македонија пат, Скопје.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МТВ да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет на Министерството за транспорт и врски.
2. Во МТВ да се воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средства.

10.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди исплати на средства за набавка на опрема, материјали и користење на услуги од повеќе добавувачи, дадени во прилог бр 1 од овој извештај, во вкупен износ од 993 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка спротивно на Законот за јавни набавки.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Министерството за транспорт и врски да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на министерството со кои е уреден начинот за сите видови набавки. На ваков начин ќе обезбеди транспарентност, конкурентност и објективен избор на најповолен добавувач, што е и основна цел на министерството во трошење на државните средства.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 10.2.1; 10.2.2; 10.3.1. до 10.3.8. и 10.4.1. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски-сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.5. кај Министерството за транспорт и врски – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на Министерството за транспорт и врски по претходниот ревизорски извештај за 2003 година не се преземени препораките и мерките дадени за отстранување на констатираните неправилности.

14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Министерството за транспорт и врски во текот на ревизијата

    1. Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2004 година, поради погрешно внесување на одделни состојби од главната книга во финансиските извештаи и поради сметководствени грешки, кои се однесуваат на неевидентирани материјални средства и несоодветно евидентирани дадени аванси на вработени. Министерството ги прифатило дадените препораки од ревизијата и ги отстранило утврдените грешки во деловните книги и финансиските извештаи под 31.12.2004 година со налог за книжење бр. 161 од 20.07.2005 година.

**Скопје, 21.11.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

___________________

**Министерство за транспорт и врски**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | **3.1.** | 38,639 | 21,047 |
| Капитални приходи | **3.2.** | 5 | 88 |
| Трансфери и донации | **3.3.** | 5,176 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **43,820** | **21,135** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.4.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 11,255 | 10,480 |
| Стоки и други услуги | 3.4.2. | 5,212 | 10,655 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16,467** | **21,135** |
| **Капитални расходи** | **3.5.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 552 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **552** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **17,019** | **21,135** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **26,801** | **0** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **26,801** | **0** |

**Министерство за транспорт и врски**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 26,748 | 46,266 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 53 | 0 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 0 | 100,000 |
| **Вкупно тековни средства** | | **26,801** | **146,266** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | | 538 | 0 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.1. | 100,000 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **100,538** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **127,339** | **146,266** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.1. | 0 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 0 | 100,000 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.3. | 0 | 46,266 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 126,801 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **126,801** | **146,266** |
| **Долгорочни обврски** | **4.4.** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 538 | 0 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **538** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **127,339** | **146,266** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **-** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **538** | **-** | **538** |
| Набавки | 538 | - | **538** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | **-** | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **538** | **-** | **538** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------